РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-1582/9
20.06 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ПЗУ Поликлиника од примарна здравствена заштита и биохемиска лабораторија МЕДИКА Крива Паланка
Подружница Специјалистичка ординација по медицина на трудот
Бр. 0307-1/135
26.06 2018 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р  ЗА  УСЛУГА

Склучен на ден __.06.2018 година, во Крива Паланка помеѓу следните

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. Општина Крива Паланка , ул. Св.Јоаким Осоговски бр.175. Крива Паланка , застапувана од Градоначалникот Борјанчо Мицевски , во понатамошниот текст како Корисник на услуга

и 2. ПЗУ Поликлиника МЕДИКА Крива Паланка –подружница Специјалистичка ординација по медицина на трудот Скопје , ул.Јордан Мијалоков бр.4, со ЕМБС 5143055 и ЕДБ 4015996106391 застапувано од Гоце Младеновски во понатамошниот текст како Давател на услуга .

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги – систематски лекарски прегледи на вработените во Општина Крива Паланка и ТППЕ .

## ЦЕНА НА УСЛУГАТА

### Член 2

Вредноста на услугите од член 1 од овој Договор, изнесува 800 денари со вклучен ДДВ за една особа . Цените утврдени во овој договор не можат да претрпат корекции за времетраењето на договорот.

| Ред. број | Здравствен преглед | Колич. на прегледи | Един. цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Општ лекарски преглед (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјалноепидемиолошки податоци, крвен притисок, пулс, аускултација) | 64 | 100 | 6400 |
| 2. | 12 канално ЕКГ со запис | 64 | 100 | 6400 |
| 3. | Статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна височина и БМИ) | 64 | 150 | 9600 |
| 4. | Лабораториско испитување: седиментација, крвна слика (Ер, Хгб, Хтц, Ле), гликемија, холестерол, триглицериди, урина (шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент) | 64 | 150 | 9600 |
| 5. | Офтамолошки преглед (проверка на вид – визус и колорен вид), одредување на диоптрија | 64 | 100 | 6400 |
| 6. | Оториноларинголошки преглед (уво, нос и грло) со аудиометрија | 64 | 100 | 6400 |
| 7. | Спирометрија | 64 | 100 | 6400 |
| 8. | Интернистички преглед со ЕХО на внатрешни органи | 64 | 0 | 0 |
| 9. | ЕХО на дојка | 24 | 0 | 0 |
| 10. | Ехо на тироидна жлезда | 64 | 0 | 0 |
| 11. | Интернистички преглед со ЕХО на абдомен, простата | 64 | 0 | 0 |
| | | | | 51200 |

## НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА

### Член 3

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целокупниот износ во временски рок од 60 дена по достава на фактура.

## ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

### Член 4

Давателот на услугата се обврзува да дава медицински услуги, односно да изврши лекарски прегледи на вработените во Општина Крива Паланка и ТППЕ Крива Паланка. Прегледите ќе се вршат во ординации и лабораторија на давателот на услугата , по динамика утврдена во меѓусебен договор помеѓу Корисникот и Давателот на услугата .

Носителот на набавката е должен да ги заврши здравствените прегледи во рок од 30 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка, по динамиката која што тој ќе ја предложи во понудата и при тоа мора задолжително да внимава прегледите да бидат закажани во периодот од 08:30 до 15:00 часот во работните денови
Носителот на набавката, за секој вработен ќе го наплати задолжителениот пакет на здравствени прегледи – стандарден минимум, додека од дополнителниот пакет ќе фактурира онолку прегледи колку што се направени сметајќи ги единечните цени за секој здравствен преглед одделно.

Извештајот за извршениот систематски преглед на вработениот се издава од страна на доктор, специјалист по медицина на трудот, од овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот. Образецот на Извештајот е даден во прилог број 4 како составен дел на Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените ("Службен весник на РМ" бр.60/13).

Извештајот се пополнува од страна на докторот специјалист по медицина на трудот во три примерока, од кои од страна на овластената здравствена установа по еден примерок се доставува до работодавачот и вработениот, најдоцна 15 дена од денот на извршениот здравствен преглед.

Примерокот на извештајот кој од страна на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот се доставува до работодавачот, не ги содржи точките 1. и 2. од извештајот, кои се однесуваат на податоците за дијагнозите и препораките за вработениот.

Видови на здравствени прегледи што треба да се извршат за вработените на договорниот орган, се следниве:

**Стандарден минимум (задолжителни прегледи):**

- Општ лекарски преглед (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјалноепидемиолошки податоци, крвен притисок, пулс, аускултација);
- 12 канално ЕКГ со запис;
- Статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна височина и БМИ);
- Лабораториско испитување: седиментација, крвна слика (Ер, Хгб, Хтц, Ле), гликемија, холестерол, триглицериди, урина (шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент)
- Офтамолошки преглед (проверка на вид – визус, и колорен вид), одредување на диоптрија;
- Оториноларинголошки преглед (уво, нос и грло) со аудиометрија;
- Испитување на функцијата на белите дробови - дишењето - со Спирометрија;

**Дополнителни прегледи (по избор на вработените):**

- Интернистички преглед со ЕХО на внатрешни органи;
- ЕХО на дојка;
- ЕХО на тироидна жлезда
- Интернистички преглед со ЕХО на абдомен, простата.

**Член 5**

Давателот на услугата се обврзува дека квалитетот на услугата ќе биде во согласност со важечките стандарди и прописи.

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА**

**Член 6**

Корисникот на услугата се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ во рок утврден во член 3. Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши во рок од 60 дена по достава на фактурата во Архивата на Општината. Истата не смее Договорниот орган да ја добие пред да се извршат бараните услуги согласно техничката спецификација. Во прилог со фактурата Носителот на набавката за извршените прегледи задолжително за секој вработен треба да достави медицински документ со мислење за секоја позиција одделно од техничката спецификација

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 8**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

**Член 9**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат. По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни. За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 11**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово .

**Член 12**

Овој Договор е составен во 6 (пет) примероци, од кои 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата и 2 (два) примерока за Давателот на услугата .

| | |
|---|---|
| **КОРИСНИК НА УСЛУГАТА** | **ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА** |
| **Општна Крива Паланка** | **ПЗУ МЕДИКА Скопје** |
| | **Подружница Крива Паланка** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **Борјанчо Мицевски** | **Гоце Младеновски** |